**РАЗГОВОР СО МАРИНА ЛЕШКОВА**

# Позитивна енергија во скудно време

*Ова е бурен период за Марина. Штотуку ја отвори изложбата „Ранливи икони“ во Уметничката галерија, а веќе влета во „Нарцизми“. За личност исполнета со толку позитивна енергија и елан, тоа, веројатно, и не е толку тешко*

**▲ Како го конципиравте своето учество во „Нарцизми“?**

▼ Во овој проект приложувам две дела, кои се појдовна точка за оваа тема. Нарацијата во нив е спроведена преку древните култури на Балканот и пошироко, со антички, митски, старозаветни теми и византолошки константи, внесени во „Ехо и Нарцис“ и „Главата на Јован Крстител“. Приказната за овие две теми е премногу експлоатирана во книжевните метафори, кои, кај мене, стануваат метафори во слики.

Кога Нарцис го видел својот лик во водата, се вљубил во сопствениот одраз и оттогаш не може да се ослободи од него. Затоа и се удавил во водата. Во врска, пак, со старозаветната сцена за Јован Крстител, напластена со многузначност, јас на рафиниран сликарски начин ја воздигнувам на пиедестал неговата исечена глава, т.е. неговото его. Темата е многу интересна и својствена меѓу машкиот и женскиот пол. Еврејската принцеза Салома била многу убава и будела посебни чувства кај секој што ќе ја видел. Таа со својот танц го маѓепсала Херод Антип, а за тоа, како награда, според мајчината сугестија, ја побарала главата на Јован Крстител. Двете дела приложени во овој проект се појдовна точка на темата „Нарцизми“, како обид за реконструкција и исчекор од телесните и половите ограничувања на жените, особено на жените уметници. Сметам дека тие со своите дела го издејствуваа местото во општеството, кое отсекогаш било специфично од ракурсот на нивното гледање и поимање, што постмодернистичката теорија на уметноста артикулирано го потврди.

**▲ Веројатно, на свој начин, тоа го потврдува и оваа изложба. Иако го имаат нарцизмот како заеднички именител, проектите на учесничките се и идејно и технички многу разновидни. Која техника ја одбравте Вие?**

▼ Во делата за овој проект користам дрвена подлога како платформа за икони, зашто иконата ја гледам како синоним за огледувањето на вистината, предадена во асоцијативно апстрактни облици. Огледалото метафорично го сликам со златна и со сребрена боја, која симболично навестува нешто свечено, мистично, алхемиско, религиозно, кооперирајќи со поимот на одразот во огледалото.

**▲ Како го гледате својот одраз во огледалото на животот?**

▼ Денешниов простор во кој живееме е катастрофичен, дефиниран со трауми, ентропии, клаустрофобии, апокалипси на сите нивоа... Ова е глобална слика на состојбите на Земјата вклучувајќи ја тука и Македонија. Сликата на стварноста особено се манифестира кај уметниците "vis a vis" колективот или "vis a vis" самите себе. Овој хаос секогаш се надминувал и ќе се надминува со творењето на уметникот. Значи, мораме да го поминеме овој круг и да се движиме преку творештвото со одмерено вјасање од рајот сè до светот на пеколот. Или, како што вели Борхес, „јас сега се плашам дека огледалото го зароби вистинскиот лик на мојата душа, повредена со сенки и гревови на тоа што Господ го гледа, а можеби го гледаат и другите луѓе“.

**▲ Да ја употребам Борхесовата метафора - каква слика произведува огледувањето на животот и на уметноста во Вашата душа?**

▼ Уметноста и животот се во постојана функција на откривање на самиот себе - до дното на душата. Затоа, мојот свет, мојата стварност, моето доживување, моето окружување, преку мојата перцептивна моќ и творечки потенцијал, се пренесени во моите дела. Тие се времеплов на случувањата низ историјата, чии меморирани траги ликовно се транспонирани во отворениот процес на самонабљудување и самоанализа на вистинскиот лик на мојата душа.

**▲ И, што вели таа анализа?**

▼ Во тој автохтон свет на перцепција и творење моето јас индиректно се манифестира на ниво на отворен процес на самонабљудување и самоанализа на еднаш виденото и неповторливо живеење на вистинскиот лик на мојата душа, која драгоцено и несебично ја негува позитивната енергија и ја пренесува во уметничка форма во ова скудно време.

**Ј.Ф.**

